Врз основа на член 9 од Законот за енергетика ( „Сл. весник на РМ" бр. 16/11), член 22 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/02) и член 16 и 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 28.04.2011 година донесе

# ОДЛУКА

## за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште за изградба на објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија

### Член 1

Со оваа Одлука се ослободуваат од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште сите инвеститори кои ќе градат објекти за производство на енергија на подрачјето на Општината Битола кои користат обновливи извори на енергија во Република Македонија.

Инвеститорот е должен да изврши самоуредување на градежното земјиште.

### Член 2

Ова ослободување се врши согласно енергетската политика на Република Македонија за унапредување на енергетската ефикасност и поттикнување на користење на обновливи извори на енергија и активностите на општините за зголемување на енергетската ефикасност и производство на енергија од обновливи извори на енергија.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-890/16
28.04.2011 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Лилјана Кузмановска